Врз основа на член 108 став (1) од Законот за здравствената заштита (Сл.весник на Република Македонија. бр. 43/12, 145/12, 87/13, 164/13, 39/14, 43/14, 132/14, 188/14, 10/15, 61/15, 154/15, 192/15, 17/16, 37/16, 20/19 и Службен весник на Република Северна Македонија" бр.101/19 и 153/19,180/19, 275/19, 77/21, 122/21, 178/21, 150/22 и 236/22), Одлуката на Управниот одбор за распишување на јавен конкурс за избор на директор на ЈЗУ Специјализирана болница за ортопедија и трауматологија ,,Св.Еразмо" – Охрид број 02-996/7 од 19.12.2023 година и член 18 од Статутот на ЈЗУ Специјализирана болница за ортопедија и трауматологија ,,Св.Еразмо" – Охрид , Управниiот одбор на ЈЗУ Специјализирана болница за ортопедија и трауматологија ,,Св.Еразмо" - Охрид распишува

## ЈАВЕН КОНКУРС

за избор на директор на ЈЗУ Специјализирана болница за ортопедија и трауматологија ,,Св.Еразмо" – Охрид

Се распишува Јавен конкурс за избор на директор на ЈЗУ Специјализирана болница за ортопедија и трауматологија ,,Св.Еразмо" – Охрид со мандат од четири години.

1. Пријавените кандидати треба да ги исполнуваат следните услови:

- Да е државјанин на Република Северна Македонија,

- Во моментот на именувањето со правосилна судска пресуда не му е изречена казна или прекршочна санкција забрана за вршење на професија, дејност или должност,

- Има завршено високо образование од областа на медицината или стоматолошките или фармацевтските науки, високо образование-дипломиран логопед, високо образование-специјалист по медицинска биохемија, високо образование од областа на економските или правните науки или јавно здравствениот менаџмент или завршени академски студии со најмалку 240 ЕКТС, односно најмалку VI Б ниво согласно со Националната рамка на високообразовните квалификации,

- Има минимум пет години работно искуство во здравствена установа, односно во економијата, финансиите, правото или менаџментот или од системот и организацијата на здравствената заштита и здравственото осигурување.

- Понуди најквалитетна програма за работа на јавната здравствена установа и

- Поседува еден од следниве меѓународно признати сертификати или уверенија за активно познавање на англискиот јазик не постар од пет години:

- ТОЕФЛ ИБТ најмалку 74 бода,

- ИЕЛТС ( IELTS) – најмалку 6 бода,

- ИЛЕЦ ( ILEC) ( Cambridge English; Lagal) – најмалку Б2 (B2)ниво,

- ФЦЕ (FCE) (Cambridge English; First)-положен,

- БУЛАТС (BULATS) – најмалку 60 бода или

- АПТИС ( APTIS) – најмалку ниво Б2 ( 2 )

2. Во прилог на пријавата / која треба да содржи име, презиме, адреса на живеење, контакт телефон и мејл адреса како и кратка биографија на кандидатот/ Кандидатите треба да ги достават следните документи:

- Документ / Уверение дека е државјанин на Република Северна Македнија, издаден од надлежен орган и не постар од 6 месеци / оригинал или фотокопија заверена кај нотар/,

- Потврда од казнена/ судска евиденција издадена од надлежен суд дека со правосилна пресуда не му е изречена казна - прекршочна санкција забрана за вршење на професија, дејност или должност/ и потврда од Централен регистар, во оригинали, не постари од 6 месеци.

- Документ за завршен степен и вид на образование/ во фотокопија, заверена кај нотар/,

- Потврда за работно искуство од здравствена установа, за работа од областа во економијата, финансиите, правото или менаџментот или од системот и организацијата на здравствената заштита и здравственото осигурување/оригинал/,

- Програма за работа на јавната здравствена установа во која се јавува на јавниот конкурс,

- Меѓународно признат сертификат или уверение за активно познавање на англискиот јазик /во фотокопија, заверена кај нотар/ не постар од пет години.

3. Јавниот конкурс трае 15 ( петнаесет ) дена сметано наредниот ден од денот на објавувањето.

4. Пријавите заедно со прилог документите да се доставуваат во затворен коверт до Конкурсната комисија за избор на директор во архивата на ЈЗУ Специјализирана болница за ортопедија и трауматологија ,,Св.Еразмо" – Охрид секој работен ден од 07,30 часот до 15,00 часот или преку пошта со препорачана пратка на адреса ЈЗУ Специјализирана болница за ортопедија и трауматологија ,,Св.Еразмо" - Охрид ул. ,,Гоце Делчев" б.б. 6000 - Охрид,

5. Некомплетните и ненавремено доставените документи Конкурсната комисија нема да ги разгледува.

Број. 04-972/1
19.12.2023 год.

Управен одбор на
ЈЗУ Специјализирана болница за ортопедија
и трауматологија ,,Св.Еразмо" - Охрид

ЈЗУ Специјализирана болница за ортопедија и трауматологија Св. Еразмо Охрид